**ЗАПИСНИК**
**од првото продолжение на 5-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 12.02.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г- Петрушевски најави дека на седницата ќе се разгледува Предлог-записникот од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.02.2018 година, кој беше одложен поради неможноста истиот да се изработи поради краткиот временски период помеѓу двете седници.

**Точка 1**

Г-дин Фиданоски имаше техничка забелешка на страна 6 од записникот од вкупно 11, во пасусот на неговата дискусија и предложи зборот „какава“ да се коригира во „каква“.

Советот на Агенцијата со забелешката од г-дин Фиданоски едногласно го усвои предложениот Записник од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.02.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Бр.** 02-650/10
14.02.**2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**